ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2008

# Содржина

Воведно обраќање на Главниот државен ревизор 03
Мисија и Визија 04
Историја на државната ревизија во Република Македонија 05
Раководство 06
Статус 10
Структура и организација 11
Вработени 13
Обука на државните ревизори 15
Финансирање / Стандарди и методологија 16
Извршени ревизии и издадени извештаи 18
Соработка со надлежни органи 21
Транспаретност на ДЗР 22
Ревизорски активности 23
Превземени мерки по ревизорските извештаи 32
Ревизорски мислења / Јавни набавки 33
Меѓународна соработка 34
Извештај на независниот ревизор 36

**Почитувани,**

Со големо задоволство ви го претставувам Годишниот извештај за извршените ревизии и работењето на Државниот завод за ревизија во 2008 година, во годината кога ја одбележуваме и десетгодишнината од функционирањето на Државниот завод за ревизија како самостојна и независна институција во Република Македонија.

Изминаа година и половина откако Собранието ме назначи за Главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија. За мене тоа претставуваше голема чест, но и предизвик да раководам со една од најважните институции во системот на финансиска контрола на јавниот сектор.

Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција во Република Македонија која за своето работење е одговорна пред Собранието на Република Македонија. Таа е самостојна во своето работење, самостојна во донесувањето на програмата за работа, дефинирањето на наодите на ревизијата, препораките и заклучоците по нивното соочување и усогласување со субјектите на ревизија. Со ваков начин на работење се остварува едно од основните начела на независност на врховните ревизорски институции.

Надлежноста на Државниот завод за ревизија е утврдена со Законот за државната ревизија кој се базира на основните начела на Лима декларацијата за водечките упатства за принципите во ревизијата: независност, компетентност, објективност, неутралност, рационалност, доверливост, професионалност и тимската работа. Во оваа смисла, Државниот завод за ревизија дава значаен придонес за правилно и ефикасно работење со парите на даночните обврзници и јакнење на финансиската дисциплина во јавниот сектор.

Во тек е донесување на нов Закон за државната ревизија во насока на усогласување со европското законодавство.

Во наредниот перид останува приоритет и уставното регулирање на Државниот завод за ревизија. Потребата од нов уставен амандман, кој ќе ја дефинира улогата и функцијата на Државниот завод за ревизија, е неминовна заради зацврстување на нашата независност и предуслов за отпочнување на преговорите со Европската Унија за поглавјето кое се однесува на финансиската контрола.

Унапредување на квалитетот на ревизиите, воведување на нови видови на ревизии, подобрување на информирањето, се стратешките цели на Државниот завод за ревизија.



Од особено значење за работењето на Државниот завод за ревизија е спроведувањето на препораките во ревизорските извештаи, за што очекуваме соработката со Собранието на Република Македонија и другите надлежни институции на системот во Република Македонија да биде на редовна и оперативна основа.

Државниот завод за ревизија зема активно учество во активностите на меѓународната заедница на врховните ревизорски институции. 2008-та година, меѓу другото, ја одбележа соработката со Врховните ревизорски институции од регионот, учеството на VII Конгрес на ЕУРОСАИ во Краков и учествата на повеќе семинари и работилници, кои придонесуваат за натамошно унапредување на ревизорските вештини и пракса во Државниот завод за ревизија.

Концептот на Годишниот извештај овозможува преку сеопфатна анализа на утврдените состојби, препораките и изразените ревизорски мислења содржани во конечните ревизорски извештаи на едно место да го согледаме работењето на субјектите кои се предмет на ревизија. Исто така информираме и за развојот на Државниот завод за ревизија, едукацијата и методолошките аспекти, соработката со надлежните органи, транспарентноста и меѓународната соработка.

Составен дел на овој Годишен извештај е и мислењето на ревизорите на независното друштво за ревизија за финансиските извештаи на ДЗР, за 2008 година.

Главен државен ревизор
Тања Таневска

# Мисија

Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција во Република Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата и другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии.

Преку јасните и ефективните препораки Државниот завод за ревизија обезбедува поддршка на државните институции и корисници на државните средства за унапредување на управувањето со истите. На тој начин Државниот завод за ревизија придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Македонија.

# Визија

За успешно да ја исполнуваме нашата цел – водење грижа за јавните средства и да придонесуваме за унапредување на управувањето со истите, наша визија е дека треба континуирано да обезбедуваме квалитет во работењето со што би го задржале епитетот на независен и професионален партнер со висок интегритет кој истовремено е носител на напредокот во управувањето со државните средства, отчетноста и транспарентноста во работењето.




# Историја на државната ревизија во Република Македонија

Почетоците на државната ревизија датираат уште од времето кога Република Македонија беше една од шесте конститутивни републики на Југословенската федерација. Првите институции за државна ревизија беа создадени по 1945 година.

Во периодот од 1945 година до 1991 година, државната ревизија функционираше, во почетокот како организациона единица на тогашната Народна банка на Федеративна Народна Република Југославија, а потоа во рамките на Службата за општествено книговодство, по нејзиното осамостојување од Народната банка.

Од 1991 година, откако Република Македонија стана суверена и самостојна држава, до 1994 година државна ревизија продолжи да функционира во рамките на Дирекцијата за економско финансиска ревизија на Службата за општествено книговодство, покасно Заводот за платен промет, се до 1999 година.

Државниот завод за ревизија започна со работа на 1 февруари 1999 година со девет вработени, сите преземени од Дирекцијата за економско финансиска ревизија во Заводот за платен промет.

Денес, во Државниот завод за ревизија работат 94 вработен.

Во 2007 година, во рамките на Државниот завод за ревизија, формирано е Ревизорско тело за претпристапните фондови на Европската унија во Република Македонија, како функционално независно тело, со 21 вработени.

# Раководство на ДЗР

## Тања Таневска

### Главен државен ревизор



На 24 декември 2007 година, со Одлука на Собранието на Република Македонија госпоѓата Тања Таневска беше избрана за Главен државен ревизор и од тој период раководи со Државниот завод за ревизија.
Професионалната кариера ја започна во 1993 година во Министерството за култура како Советник во кабинетот на министерот. Од декември 1998 година, работи во Министерството за трговија вршејќи ја функцијата Советник во кабинетот на министерот.
Од 2000-та година работи во Министерството за финансии на повеќе раководни места, во Кабинетот, Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола и во Секторот за централно финансирање и склучување договори.
Низ својата професионална кариера се надградувала на бројни обуки и семинари од областа на внатрешна ревизија и контрола во јавниот сектор и меѓународните стандарди за внатрешна ревизија.



## Благоја Илиевски

### Заменик главен државен ревизор

Во Државниот завод за ревизија е од 15.03.2000 година, кога од Собранието на Република Македонија е избран за Заменик главен државен ревизор.
Професионалната кариера ја започна во ЗИК „Скопско поле“ и до 1990 година врши повеќе раководни функции.
Во периодот од 1990 до 2000 година е на раководни функции во ОП „Хемтекс“, во АД „Полет“ и во „Мото трејд“-Скопје
Благоја Илиевски е обучен да врши едукација во областа на сметководствено-финансиските работи.
Едуциран е за финансиската ревизија, за меѓународните сметководствени стандарди, за внатрешната контрола, за специјализираните сметководства и друго.

## Бранислав Гулев

### Помошник на Главниот државен ревизор



Во Државниот завод за ревизија е вработен од 2002 година на работно место Помошник на Главниот државен ревизор на Секторот за ревизија на Буџетот на РМ, органи формирни со Уставот на РМ, министерството за финансии и органите во состав, Народна банка на РМ, политички партии финансирани со средства од Буџетот, други корисници на средства од Буџетот на РМ, корисници на средства од ЕУ и други меѓународни институции.
Бранислав Гулев е носител на лиценците: „Овластен државен ревизор“, „Проценител со општо овластување“ CEF – сертифициран истражител за измама. Избран е за консултант за Меѓународни ревизорски стандарди.



## Танка Блажевска
Помошник на Главниот државен ревизор

Во Државниот завод за ревизија е вработена од самото негово формирање, односно од 01.02.1999 година, кога е назначена за Помошник на Главниот државен ревизор на Секторот за ревизија на државните органи, единките корисници на Буџетот на РМ и другите корисници на средства од Буџетот на РМ.
Танка Блажевска е носител на лиценците „Овластен државен ревизор" и „Проценител со општо овластување".
Се има стекнато и со повеќе сертификати и дипломи од меѓународни и домашни асоцијации и здруженија во областа на професијата.

## Владимир Милојевиќ
Помошник на Главниот државен ревизор



Во Државниот завод за ревизија е од неговото формирање, односно од 01.02.1999 година, кога е назначен за Помошник на Главниот државен ревизор на Секторот за ревизија на фондовите и корисниците на средства од фондовите, судскиот буџет и корисниците на средства од судскиот буџет
Владимир Милојевиќ е носител на лиценците „Овластен државен ревизор", „Проценител со општо овластување", CFE – сертфициран истражител за измами и Овластен е за комерцијална ревизија
Се има стекнато и со повеќе сертификати и дипломи од меѓународни и домашни асоцијации и здруженија во областа на професијата.



## Максим Ацевски
Помошник на Главниот државен ревизор

Во Државниот завод за ревизија е вработен од 01.09.2001 година., а во 2005 година е назначен за Помошник на главниот државен ревизор на Секторот за ревизија на јавните претпријатија, институциите основани со закон, претпријатијата/акционерски друштва во кои државата е доминантен сопственик/акционер и други институции корисници на јавни средства.
Максим Ацевски е носител на лиценцата „Овластен државен ревизор" и има сертификати за „Овластен истражувач на измами" и за „Стратешко планирање, за внатрешна ревизија и за градење на јаки општински асоцијации".



## Лилјана Стојанова
### Помошник на Главниот државен ревизор

Лилјана Стојанова во Државниот завод е вработена од 01.12.2001 година, а во 2005 година е назначена за Помошник на Главниот државен ревизор на Секторот за ревзија на локалната самоуправа, Буџетите на ЕЛС и корисниците на средства од Буџетите на ЕЛС.
Носител е на лиценцата „Овластен државен ревизор“.
Се има стекнато со сертификат за оценка и изготвување на инвестициони програми и сертификат CFE - сертифициран истражител за измами.

## Тања Тасевска,
### Помошник на Главниот државен ревизор



Тања Тасевска во Државниот завод за ревизија е од неговото формирање во 1999 година, а во 2005 година е назначена за Помошник на Главниот државен ревизор на Секторот за ревизија на успешност.
Носител е на лиценца „Овластен државен ревизор“, на лиценца за сертифицирани истражители против измами и поседува сертификат за „Овластен проценител со општо овластување.
Тања Тасевска е сертифициран контрактор за спроведување на процесот на конверзија на сметководствената реформа во Република Македонија и сертифициран IDI тренинг специјалист, дизајнер на курсеви и обучни техники од страна на INTOSAI IDI.



## Мито Наумоски,
### Помошник на Главниот државен ревизор

Во Државниот завод за ревизија е од негово формирање, односно од 01.02.1999 година, и тоа на работно место Помошник на Главниот државен ревизор - Сектор за развој, стратешко планирање и меѓународна соработка.
Мито Наумоски е носител на лиценците „Овластен државен ревизор“, „Проценител со општо овластување“.



**Тања Јаневска,**
Советник на Главниот државен ревизор

Во Државниот завод за ревизија е вработена на 05.05.2008 година на работно место Советник на главниот државен ревизор.
Едуцирана е на бројни обуки и семинари од областа на внатрешна ревизија и контрола во јавниот сектор и меѓународните стандарди за внатрешна ревизија.



**Јадранка Бошкоска,**
Советник на Главниот државен ревизор

Од 2001 година е вработена во Државниот завод за ревизија на работно место ревизор, напредувајќи во професионалната кариера до Самостоен ревизор и Раководител на ревизорски тим.
На 15.01.2008 година е назначена за Советник на Главниот државен ревизор за ревизија.
Јадранка Бошкоска е носител на лиценца „Овластен државен ревизор". Има сертификат - Раководител за донесување одлуки и инвестирање во проекти.



**Цвета Ристовска,**
Советник на Главниот државен ревизор

Цвета Ристовска е вработена во Државниот завод за ревизија од 2002 година на работно место Ревизор, напредувајќи во кариерата до Самостоен ревизор и Раководител на ревизорски тим.
На 15.01.2008 година е назначена за Советник на Главниот државен ревизор за стратегија и развој.

# Статус

Правната рамка за функционирање на Државниот завод за ревизија и основите за вршење на државната ревизија за прв пат се поставени со донесувањето на  Законот за државната ревизија во 1997 година.

Во насока на усогласување со основните начела на Лима декларацијата и со водечките упатства за принципите на ревизијата, во изминатиот период повеќе пати се вршени измени и дополнувања на постојниот Закон.

Со Законот за државната ревизија се дефинираат организацијата и функционирањето на Државниот завод за ревизија, условите и начинот на вршењето на државната ревизија, процесот на ревизијата, субјектите кои се предмет на ревизија, како и правата и обврските на овластените државни ревизори и државните ревизори во вршењето на ревизијата.

Државниот завод за ревизија, врз основа на утврдени критериуми донесува Годишна програма за работа. Со Програмата го утврдува обемот за вршење на работите на државната ревизија, субјектите кои ќе бидат предмет на ревизија, ревизорските екипи и роковите за извршување.

Согласно Законот за државната ревизија Државниот завод за ревизија го изготвува Годишниот извештај за извршените ревизии и за својата работа и истиот го поднесува до Собранието на Република Македонија.



# Структ

Државниот завод за ревизија е организиран во седу
планирање и меѓународна соработка. Во рамки на с
ревизија, одделение за информатичка технологија и р



# ура и организација

ум сектори од кои пет сектори за финансиска ревизија, еден сектор за ревизија на успешност и еден сектор за развој, стратешко организацијата на Државниот завод за ревизија функционираат и четири самостојни одделенија: одделение за внатрешна ревизија, одделение за правни и општи работи и човечки ресурси и одделение за финансиски и сметководствени работи.





# Вработени



Со Државниот завод за ревизија раководи Главен државен ревизор. Главниот државен ревизор има заменик. Главниот државен ревизор и заменикот ги избира Собранието на Република Македонија со мандат од 10 години.

Функционирањето на Државниот завод за ревизија во 1999 година започна со девет вработени, преземени од Дирекцијата за економско - финансиска ревизија во Заводот за платен промет. Во текот на изминатиот период бројот на вработените континуирано е во пораст, со што Државниот завод за ревизија ги зајакнуваше кадровските потенцијали со стручни и компетентни лица. Во 2008 година Државниот завод за ревизија има 93 вработени, од кои 97% се со универзитетско образование пред се од областа на економските, правните науки и информатичката технологија.

Од вкупниот број на вработени еден е магистер на науки и дванаесет вработени поседуваат уверение за овластени државни ревизори.

Согласно Законот за државната ревизија овластените државни ревизори и државните ревизори треба да бидат државјани на Република Македонија, да имаат високо образование – дипломиран економист или дипломиран правник, да имаат уверение за овластен државен ревизор и да дадат изјава дека во работењето ќе ги применуваат правилата утврдени со Кодексот на етика на ИНТОСАИ. Воедно, овластените државни ревизори и државните ревизори за извршување на работните задачи треба да имаат работно искуство за вршење на ревизијата, солидни познавања за работа со компјутери, да познаваат еден од странските јазици и да поседуваат безбедносен сертификат за соодветен степен на класифицирана информација. Во Законот за државната ревизија се дефинирани и случаите кога овластените државни ревизори не смеат да вршат ревизија, а во насока на почитување на основните правила во вршењето на ревизијата содржани во Кодексот на етиката на ИНТОСАИ.

Испитот за стекнување на звање овластен државен ревизор се полага пред Комисија формирана од Главниот државен ревизор и согласно Програма донесена од Главниот државен ревизор, а одобрена од министерот за финансии.



# Обука на државните ревизори

Државниот завод за ревизија обезбедува континуирана обука за своите вработени за ефикасно извршување на работните задачи и унапредување на професионалните знаења од областа на ревизијата, информатичката технологија и странските јазици.

Определбите за развој на професионалните и стручни капацитети на државните ревизори се зацртани во Стратегијата за управување со човечките ресурси (2008-2012) и оперативната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

Новите вработени ревизори добиваат обука за основните аспекти на функционирањето на Државниот завод за ревизија, меѓународните сметководствени и ревизорски стандарди и фазите на извршување на финансиската ревизија и ревизијата на успешност. Во 2008 година повеќе од 20 ревизори учествуваа на ваква работилница која беше спроведена со сопствени обучувачки капацитети - ИНТОСАИ ИДИ специјалисти за обука.

Во текот на 2008 година Државниот завод за ревизија организираше четири работилници со цел унапредување на стручните познавања на ревизорите во областа на информатичка технологија и ревизија на информационите системи, примена на ИДЕА софтверот во ревизијата, како и размена на искуства во извршување на финансиска ревизија и ревизија на успешност. Работилниците беа реализирани со обучувачките капацитети на Државниот завод за ревизија и експертите на Холандскиот суд за ревизија.

Државниот завод за ревизија посветува особено внимание на обуката на ревизорите на нивните работни места. Во 2008 година продолжи соработката со Холандскиот суд за ревизија преку Твининг проектот во кој беа реализирани четири пилот финансиски ревизии и една пилот ревизија на успешност. Преку овие активности, ревизорите имаа можност во пракса да разменат искуства со своите колеги од Холандскиот суд за ревизија за одделни аспекти од реализацијата на ревизиите.

Претставници на Државниот завод за ревизија редовно учествуваат на работилници организирани од страна на домашни и странски професионални организации и институции.

Во 2008 година претставници на Државниот завод за ревизија учествуваа на девет работилници организирани од: ЕУРОСАИ и нејзините работни групи за ревизија на заштитата на животната средина и информатичка технологија, мрежата на Врховните ревизорски институции на земјите кандидати и потенцијални кандидати и Европскиот суд на ревизори, Европскиот институт за јавна администрација, Центарот за обука во областа на финансиите на Словенија и Секретаријатот за европски прашања во Владата на Република Македонија.



# Финансирање

Државниот завод за ревизија се финансира од централниот буџет и од сопствени приходи остварени од наплата на надоместоци од субјектите предмет на ревизија согласно Тарифата за наплата, донесена од Собранието на Република Македонија.

Во 2008 година од Централниот буџет се одобрени 67.809 илјади денари и со остварените сопствени приходи во износ од 32.603 илјади денари вкупниот буџет во 2008 година изнесуваше 100.412 илјади денари.







# Стандарди и методологија

Државниот завод за ревизија (ДЗР) ревизиите ги врши согласно ревизорските стандарди на меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) како и ревизорските стандарди на Меѓународната федерација на сметководители (ИФАК).

ДЗР е во тек со сите нови достигнувања на методолошката и ревизорска пракса во светот. Истите ги следи преку учество на бројни работилници, семинари и други форми на презентација на нови методолошки документи и пракса организирани од комитетите и работните/регионални групи на ИНТОСАИ и други професионални тела за развој и воспоставување професионални стандарди. Добиените сознанија се користат за подготовка на прирачници и упатства за вршење на ревизија. Во изминатиот десетгодишен период од развојот на ДЗР, изготвени се бројни прирачници и упатства за различни сегменти од постапките на ревизијата како што се: Прирачник за финансиска ревизија; Прирачник за ревизија на успешност; Прирачник за известување; Стратегија за информатичка технологија.

Во 2008 година донесена е и Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија за периодот 2008 – 2012, Стратегијата за управување со човечките ресусри на ДЗР и Стратегија за комуникација на Државниот завод за ревизија за истиот период, Упатство за контрола на квалитет на ревизијата; Упатство за ревизорски извештај за спроведување препораки; Упатство за предлагање ревизии; Упатство за материјалност.

Овие документи се во функција на унапредување на квалитетот на извршените ревизии согласно стандардите и ревизорската пракса во светот .

# Ревизорски активности во 2008 низ бројки

| | |
|---|---|
| 160 | РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2007 ГОДИНА |
| 11 | РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ТЕМАТСКИ ФИНАНСИСКИ РЕВИЗИИ |
| 13 | РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕВИЗИИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ |
| 3 | РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ НА РЕВИЗИИ ЗА УСПЕШНОСТ |
| 189 | СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИЈА |
| 1.080 | БРОЈ НА НАОДИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ |
| 1.175 | БРОЈ НА ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ |
| 653 | СПРОВЕДЕНИ ПРЕПОРАКИ |
| 133.489 | МИЛИОНИ ДЕНАРИ РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ ПРИХОДИ |
| 85.828 | МИЛИОНИ ДЕНАРИ РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ РАСХОДИ |
| 76 | РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДОСТАВЕНИ ДО СОБРАНИЕТО НА РМ |
| 18 | РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДОСТАВЕНИ ДО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РМ |
| 9 | РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДОСТАВЕНИ ДО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА НА РМ |

# Извршени ревизии и издадени извештаи

Во 2008 година извршени се 84 ревизија од кои 52 се кај задолжителни субјекти на ревизии (41 ревизија на финансиски извештаи, 4 ревизии на спроведување препораки и 7 тематски ревизии) а 32 ревизии кај субјекти согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2008 година (25 ревизии на финансиски извештаи, две за спроведување препораки, две тематски ревизии и 3 ревизии на успешност).

Во функција на остварување на стратешките цели и мисијата на ДЗР за интензивирање на процесот на приближување на државната ревизија кон стандардите за квалитет на извршените ревизии и најдобрите практики на Врховните ревизорски институции, во 2008 година во значајна мерка Државниот завод за ревизија изврши промена во структурата на извршените ревизии во насока на вршење на ревизии на спроведување на препораките и тематски ревизии.

Во 2008 година од извршените ревизии се издадени 187 ревизорски извештаи од кои 160 извештаи од ревизии за финансиски извештаи, 11 извештаи од тематски финансиски ревизии, 13 извештаи од ревизии за спроведување препораки и 3 извештаи од ревизии на успешност.

## Издадени ревизорски извештаи по видови ревизии




Во 2008 година ревидирани се приходи во износ од 133.489 милиони денари и расходи во износ 85.828 милиони денари.

Во структурата на ревидираните приходи, приходите на Централниот буџет на Р.Македонија учествуваат со 74,24%, приходите на буџетите на единиците на локална самоуправа учествуваат со 3,39%, приходите на фондовите на ниво на Р. Македонија учествуваат со 20,07% и приходите на јавните претпријатија учествуваат со 2,30%.

### Структура на ревидирани приходи во 2008 година




- Централен буџет на Р.Македонија
- Буџети на фондови
- Буџети на Единици на локална самоуправа
- Јавни претпријатија

Во структурата на ревидираните расходи, расходите на корисниците на Централниот буџет на Р.Македонија учествуваат со 42,64%, расходите на корисниците на буџетите на единиците на локална самоуправа учествуваат со 4,94%, расходите на фондовите на ниво на Р. Македонија учествуваат со 48,47%, и расходите на јавните претпријатија учествуваат со 3,95%.




### Структура на ревидирани расходи во 2008 година

- Централен буџет на Р.Македонија
- Буџети на фондови
- Буџети на Единици на локална самоуправа
- Јавни претпријатија

## Ревидираните расходи од вкупните буџети




Во 2008 година со ревизија се опфатен 189 субјекти ( за ревизии на успешност - 86, за ревизии на финансиски извештаи – 66, за ревизии на спроведување препораки – 6 и за тематски финансиски ревизии – 31).





# Соработка со надлежни органи

Државниот завод за ревизија обезбедува поддршка на Собранието на РМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификацијата и презентацијата на неправилностите, случаите на противзаконско работење, и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата.

Согласно Законот за државна ревизија, ревизорските извештаи за Буџетот на РМ, за министерствата, за буџетите на фондовите и за јавните претпријатија основани со закон како и ревизорските извештаи во кои е изразено воздржување од давање мислење и негативно мислење за објективноста и реалноста на искажаната состојба и резултатот од работењето, задолжително се доставуваат на Собранието на РМ. По овој основ по извршените ревизии согласно годишната програма за 2008 година, до Собранието на РМ се доставени 76 ревизорски извештаи.

Во ноември 2008 година Главниот државен ревизор го презентираше Годишниот извештај за извршените ревизии и работењето на Државниот завод за ревизија во 2007 година на 28 – та собраниска седница. Собранието на Република Македонија расправаше за работата на Државниот завод за ревизија во 2007 и донесе заклучоци во функција на подобрувањето на надзорот над трошењето на јавните средства.

Во извештајниот период до Владата на РМ доставени се 48 ревизорски извештаи во кои се содржани констатираните неправилности за работењето на субјектите за кои е надлежна.

Согласно оперативните заклучоци на Владата на РМ по констатациите и препораките дадени во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2007 година, Владата го извести Државниот завод за ревизија за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија.

До Јавното обвинителство на Република Македонија во извештајниот период се доставени 18 ревизорски извештаи за кои е оценето постоење на основано сомнение за сторен прекршок односно кривично дело.

Соработката со Јавното обвинителство на Република Македонија се одвива во континуитет. Во текот на 2008 година на редовна основа се добиваат квартални збирни и поединечни известувања за постапувањето по доставените конечни ревизорски извештаи од Државниот завод за ревизија.

Државниот завод за ревизија ќе продолжи во унапредување на соработката со Јавното обвинителство во правец на навремено информирање на Јавното обвинителство за сите случаи на постоење на основано сомнение за сторен прекршок односно кривично дело.

Конечни ревизорски извештаи се доставуваат и до Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, надлежните органи на субјектите и до Државната комисија за спречување на корупцијата.

# Транспарентност на ДЗР

Една од петте стратешки цели наведени во „Стратегијата за развој на ДЗР 2008 – 2012 година“ е обезбедување пристап на јавноста до резултатите од извршените ревизии, односно обезбедување транспарентност на работата на Државниот завод за ревизија.

За спроведување на оваа стратешка цел во текот на 2008 година беше донесена и „Стратегијата за комуникација на ДЗР 2008-2012 година“.

Согласно Законот за државна ревизија, информирањето на јавноста за тековните активности на Државниот завод за ревизија, пред се се реализира преку официјалната веб –страница, на која редовно се објавуваат конечните ревизорски извештаи.

Пристапот на јавноста до резултатите од ревизијата, односно информирањето за резултатите од реализација на Годишната програма, се остварува преку усна, писмена и електронска комуникација.

Комуникацијата со субјектите кои беа предмет на ревизија во 2008 година, се одвиваше преку разговори и со писмена коресподенција, а интересот беше насочен кон организирање на процесот на вршење ревизија и следење на ревизорските препораки дадени во ревизорските извештаи.

Интересот на медиумите и субјектите кои законски подлежат на државна ревизија  претежно е насочен кон Конечните ревизорски извештаи.

Веб - страницата на ДЗР е најексплоатираната алатка кога е во прашање информирањето на јавноста. Дневната посетеност на веб - страницата се движи помеѓу 250 до 300 посети, а во текот на 2008 година веб - страницата ја посетиле 114.488 посетители, односно 270 % повеќе од минатата година.

Во текот на 2008 година, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, беа поднесени 8 (осум) барања. од кои 6 (шест) беа позитивно одговорени, а 2  (две ) беа делумно прифатени.




http://www.dzr.gov.mk/

# Р Е В И З О Р С К И
# А К Т И В Н О С Т И

# Буџет и буџетски корисници

Со ревизија на Буџетот на Република Македонија се утврдија слабости во фазата на усогласување на буџетските барања и одобрениот буџет на буџетските корисници поради што постои ризик планираните средства да не ги отсликуваат вистинските потреби на буџетските корисници. Ова е резултат на воспоставената пракса, буџетските корисници да бараат повеќе средства од реалните потреби, а буџетските аналитичари да вршат проучување, обработка и анализирање на поднесените барања и да ги проценуваат трошоците за фискалната година, без учество во процесот на изготвување на нивните стратешки планови. Заради надминување на состојбата потребно е буџетските аналитичари активно да учествуваат во процесот на изготвување на плановите на соодветните буџетски корисници.

Прибирањето на изворните приходи во Република Македонија го вршат Управата за јавни приходи и Царинската управа на Република Македонија, кои немаат електронска поврзаност со институциите од кои користат значајни податоци: инспекциски органи, Клиринг банка за правните субјекти и деловни банки за физичките лица, Агенција за вработување, Државен завод за геодетски работи – катастар, Централен депозитар за хартии од вредност, Министерство за внатрешни работи. Државниот завод за ревизија укажува на потребата, Управата за јавни приходи и Царинската управа на Република Македонија да извршат институционално поврзување на базите на податоци, во функција на целосно следење на даночните обврзници.

Многу значаен сегмент во функционирањето на Управата за јавни приходи претставува запленета и продажбата на движни предмети и недвижности, како средства кои се применуваат во присилната наплата и нивно евидентирање. Државниот завод за ревизија препорачува Управата за јавни приходи да донесе методологија за начинот на спроведување на присилната наплата по видови мерки, да воведе електронски систем за евидентирање и ефикасно менаџирање на залихите на предмети по основ на заплена и да изготви софтверско решение за следење на наплатата по опомени, доставени решенија за присилна наплата, наплата на даночен долг по решенија, спроведени аукции и нивна реализација по количини и вредности, со што би се избегнала можноста за грешки и субјективизам во постапките.

Со ревизијата на контролниот систем во процесот на прибирање неданочни приходи во министерствата одговорни за склучување договори за концесии, издавање замјоделско земјиште под закуп и продажба на општествените станови, констатирана е потребата од:

- поврзаност помеѓу министерствата кои ги склучуваат договорите по основ на концесии и Управата за јавни приходи која има информација за извршените плаќања од страна на концесионерите,
- Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство да воспостави целосна евиденција на податоци за склучените договори за закуп на земјоделско земјиште и да се грижи за подмирување на обврските по истите,
- Министерството за транспорт и врски, надлежно за склучување на договорите за продажба на општествените станови да има увид во плаќањето на средствата по основ на истите.

Заради надминување на наведената состојба потребно е да се иницира измена во законската регулатива заради воспоставување единствена база за следење на договорите по основ на концесии и за издавање на земјоделско земјиште под закуп и усогласување на податоците со кои располагаат надлежните министерства.

Државниот завод за ревизија укажува на неевидентиран недвижен имот кај субјектите кои користат државен имот и препорачува негово воведување во Евидентната книга на Агенцијата за премер и катастар и континуирано усогласување на промените кои настануваат во сопственоста, како и во физичкото постоење така и во вредноста.

Буџетските корисници и единките корисници на буџетски средства не постапуваат согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи при издавањето на објекти под закуп со кои располагаат односно не вршат уплата на средствата во Буџетот на Република Македонија (освен ако со друг закон поинаку не е определено). Надминувањето на овој проблем може да се реши со дополнување на посебните закони од соодветната област за овој вид на приходи или прекинување на вообичаената пракса на недозволено располагање со средствата од закупнини.

Констатирана е состојба на необезбеден надзор и контрола од страна на надлежните министерства при финансирање и кофинансирање на државни капитални објекти (патишта, пруги, водоводи, градежни објекти) од Буџетот на Република Македонија, кои како трансфери се пренесуваат на јавните претпријатија, општините и други градители на кои им се доделени договорите за градба. Потребно е надлежните министерства да вршат надзор и да водат евиденција за реализацијата на секој проект поодделно, а непотрошените буџетски средства да бидат вратени во Буџетот на Република Македонија.

Државниот завод за ревизија им препорачува на буџетските корисници, континуирано следење на судските постапки, навремено реагирање и преиспитување на законитоста на менаџерските решенија/одлуки од страна на стручните служби кај секој државен орган, независно од постапките кои се во надлежност на Државниот правобранител, заради надминување на појавата на плаќања на надоместоци и камати од изгубени спорови по разни основи.

Изборот на проекти за заштита на животната средина да се врши на транспарентен начин преку објавување




јавен оглас и претходно утврдени критериуми за избор на приоритетни програми од областа на животната средина, со спроведување на постапки кои ќе обезбедат остварување на основната цел на финансирањето.

Присутен е проблемот на нерешен статус со платите на вработените кај единките корисници од областа на образованието, културата, социјалната заштита, здравствената заштита и други субјекти кои не влегуваат во групата на државни службеници и сеуште пресметуваат и исплатуваат плати согласно Законот за исплата на плати во Република Македонија. Според овој закон платите кај овие субјекти го имаат најниското ниво во јавниот сектор, што дестимулативно влијае на вработените и создава постојана флуктуација на кадар. Решението на овој проблем Државниот завод за ревизија го гледа во донесувањето посебен закон за плати во јавниот сектор и пристапување кон Општиот колективен договор за јавниот сектор кој е донесен во 2008 година.

Државниот завод за ревизија констатира плаќања на надоместоци на вработени кај некои буџетски корисници, за учество во комисии и тела, иако станува збор за активности кои претставуваат тековни работни обврски за кои вработените примаат плата, поради што препорачува исплатата на надоместоци да се врши согласно законските прописи.

Во дел од високо образовните установи не се почитува Усогласениот ценовник, донесен од Советот за развој и финансирање на високото образование, со кој се регулираат надоместоците што ги плаќаат студентите во текот на студирањето. Со новиот Закон за високо образование и формирање на Совет, согласно ингеренциите што му се дадени, се очекува донесување на актите за утврдување на критериумите и начинот на финансирање на високото образование.

Обезбедувањето на соодветната социјална заштита во Република Македонија наметна потреба од дефинирање дали семејната политика обезбедува услови за функционирање на семејството и соодветна заштита кога семејството е во социјален ризик и дали институциите во системот на социјална заштита во Република Македонија функционираат на начин кој обезбедува ефикасно делување и справување со социјалните проблеми и појави.

Центрите за социјална работа не функционираат во целост заради ограничени буџетски средства, недоволна кадровска екипираност, неповолна старосна структура на вработените, недоволни и застарени материјални ресурси за работа. Вон иституционалната заштита што се обезбедува преку згрижувачките семејства и дневните центри не ги задоволува потребите.

Потребно е да се воспостави соодветна соработка помеѓу институциите во системот на социјална заштита (полиција, центри за социјална работа, суд, болница).

**Ревидирани расходи кај корисници и единки корисници на Централен буџет**



# Здравство

Уредувањето на односите помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и јавните здравствени установи во Република Македонија за видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, начинот на пресметувањето и плаќање на здравствените услуги, се врши со склучување на договори. Во дел од јавните здравствени установи Фондот за здравствено осигурување на Македонија исплатил повеќе средства од извршените здравствени услуги и од предвидениот буџетски максимум што Фондот треба да го исплати.

За надминување на оваа состојба, Фондот за здравствено осигурување на Македонија веќе донесе одлука за критериумите за утврдување на буџетот на здравствените установи и процедури за следење на склучените договори. Државниот завод за ревизија препорачува надоместоците за обезбедените здравствени услуги Фондот за здравствено осигурување на Македонија да ги исплаќа врз основа на склучените договори и индикаторите за целите и резултатите од извршената работа, како и доследна примена на донесените процедури за следење на договорите.

Едно од клучните прашања во здравството е евиденцијата на залихите на лекови и медицински материјали во јавните здравствени установи, поради што неопходно е да се превземат мерки за донесување и воспоставување на соодветни пишани процедури, контролни механизми како и сметководствени политики за следење на нивната состојба, со што ќе се овозможи контрола при управување и користење со истите.

Во поголем број од јавните здравствените установи именувано е само едно лице за директор, со завршено високо образование од областа на медицината и стоматолошките науки, а не е именувано второ лице за директор со завршено високо образование од областа на економските науки или јавниот здравствен менаџмент, согласно Законот за здравствена заштита. Државниот завод за ревизија препорачува јавните здравствените установи во соработка со Министерството за здравство и Министерството за финансии да ги спроведат постапките за назначување на работоводни органи, со што ќе се овозможи непречено функционирање на јавните здравствени установи.













# Судски буџет

Поголем број од основните судови во Република Македонија немаат евиденција за наплатените парични казни, трошоци на постапка и конфискација на имот и имотна корист, по правосилните судски одлуки, кои се приход на Буџетот на Република Македонија. Основните судови во соработка со Министерството за финансии да превземат соодветни мерки и воспостават процедури со цел основните судови да располагаат со податоци за степенот на наплатливост на изречените парични казни, со што ќе се избегне можноста за нивно застарување, а со навремена наплата ќе се зголеми приливот на средствата во Буџет на Република Македонија.

Министерството за правда треба да донесе прописи за надомест на трошоците на кривична и прекршочна постапка, за исплатата на средствата за надомест на трошоците за сведоци, вештаци, преведувачи, толкувачи и стручни лица, трошоци за увидот во кривична и прекршочна постапка, средствата за надомест на судии поротници и средствата за надомест за дежурства на судии во Основните судови во Република Македонија. Со ова ќе се изврши усогласување со одредбите од Законот за кривична постапка и Судскиот деловник.

Во дел од основните судови се врши ангажирање на вештаци кои не се на постојаната листа на вештаци, која се сочинува врз основа на стручноста, искуството од соодветната област, техничка опременост, угледот во професијата и други околности.

Државниот завод за ревизија препорачува Основните судови да ги преоценат постојните листи на вештаци, да извршат нивно ажурирање и прибавувањето на наодите и мислењата да го вршат од лица определени во листите.

Со одлука на Владата на Република Македонија е регулирано превземањето, собирањето и чување на моторните возила и нивните делови, кои привремено или конечно се одземени од страна на основните судови, нивната евиденција, продажба и распределба на приходите, да се врши во Казнено поправниот дом Идризово со Отворено одделение во Велес.

Државниот завод за ревизија препорачува Основните судови, кои не постапиле по наведената одлука, во најкус можен рок да извршат пренос на сите моторните возила и нивните делови во Казнено поправниот дом Идризово со Отворено одделение во Велес, врз основа на претходно усогласена состојба за бројот, видот и вредноста на истите.

На ниво на Судска власт во Република Македонија имплементиран е модул за Буџетско и финансиско работење. Заради негова целосна имплементација потребно е правосудните органи да внесат веродостојни податоци за почетната состојба на средствата и нивните извори. Целта на примената на овој модул е добивање на точни, целосни и веродостојни информации во финансиските извештаи на ниво на сите правосудни органи во Република Македонија.

Државниот завод за ревизија препорачува во наредната фаза од имлементирањето да бидат опфатени и вонбуџетските средства како привремени и редовни депозити на депозитните сметки на основните судовите во Република Македонија.

Од страна на Министерство за правда во тек е постапка за поставување, одржување и функционирање на информатички систем врз единствена методолошка и технолошка основа за сите правосудни органи, со чија имплементација ќе се обезбеди креирање на електронски досиеја на судски предмети во единствена база на податоци за правосудниот и информациониот систем, намалување на времето на обработка на предметите и зголемување на ажурноста на судовите.

# Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

Тематската ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се изврши со цел да се утврди законитоста на остварувањето на правото на старосна пензија, точноста на пресметката, нејзиното евидентирање и исплата.

Со извршената ревизија констатиравме неколку проблематични области во спроведување на постапката на остварување на правото на старосна пензија, поради што Државниот завод за ревизија препорачува:

- пропишување на процедури и нивна имплементација во сите фази од постапката, зајакнување на постојните контролни постапки во делот на внес на податоците за стаж, плати и надоместоци - М Пријави и во делот на измена/дополна на претходно внесените податоци и истите да бидат поткрепени со веродостојни документи, достапни за контрола. Оваа дополна на постојното упатство/носење интерни акти, да се проследат до сите подрачни единици, заради унифицирање на постапката за остварување на правото на старосна пензија и
- навремено, точно и комлетно пренесување на податоците за стаж, плати и надоместоци на електронски медиуми преку кадровско екипирање на секторот кој врши пренос/скенирање на податоците или преку техничко зајакнување со воведување на дополнителна опрема или во делот на Централата на Фондот или во секоја подрачна единица одделно.

Со превземањето на овие мерки ќе се овозможи донесувањето на решенијата за признавање на правото на старосна пензија да се темели на точни, целосни и веродостојни податоци, а исплатата на пензиите ќе биде законска и наменска без можност од материјални и правни последици како за Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија така и за самите осигуреници.

Во тек е проектот „Стручна помош за развој на бизнис процеси и функционални барања за софтверот за поддршка на постапката за остварување на правата и исплата на пензиите за потребите на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија„ финансиран од Светска банка чија главна цел е:

- зајакнување на институционалниот капацитет на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,
- имплементирање на правните прописи од областа на пензиското и инвалидското осигурување во постапката за остварувањето на правото на пензија и нивната исплата,
- ефикасно администрирање преку високософистициран информационен систем и
- воспоставување на индикатори за оценување на ефикасноста и ефективноста во реализација на постапката





# Јавни претпријатија

Во претпријатијата кои вршат дејност од јавен интерес констатирани се состојби кои укажуваат на отсуство од соодветен систем на финансиски менаџмент и контрола, односно несоодветно пропишани и имплементирани процедури за постигнување на целосна контрола во работењето на субјектите предмет за ревизија.

Менаџментот и надлежните органи на претпријатијата не обезбедиле континуирано запишување на средствата за основање во надлежниот регистар, извршување на дејности кои се исклучиво од јавен интерес, континуирано изготвување на програма за работа, финансиски план и извештаи за работењето на правните субјекти и обезбедување на согласност од основачот за цените на услугите кои ги извршуваат правните субјекти.

Постапките за регулирање на правото на сопственост/користење на имотот и негово запишување во надлежниот орган се на незадоволително ниво и влијаат на оневозможување на остварување на правата на основачот.

Извршувањето на дејностите од јавен интерес субјектите предмет на ревизија го извршуваат во услови кои не обезбедуваат висок степен на наплата на побарувањата од корисниците на услугите, што предизвикува дел од субјектите да искажуваат континуиран негативен финансиски резултат, нередовно подмирување на даноците, придонесите и обврските по други основи во корист на Буџетот на Република Македонија и неизвршување на платниот промет преку носителот на платен промет.

Присутна е појава јавните претпријатија континуирано да извршуваат работи за сметка на основачот на претпријатието без притоа за истото да се изврши фактурирање и искажување на данокот на додадена вредност.

Менаџментот и надлежните органи за управување со јавните претпријатија во наредниот период, во насока на надминување на констатираните слабости, треба да превземат мерки за:

- донесување интерни акти од областа на јавните набавки,
- правилно спроведување постапки за јавни набавки,
- регулирање на загубите на водата за пиење во системите за снабдување со вода за пиење,
- правилно управување и постапување со отпадот,
- донесување на безбедносна политика за заштита и интегритет на податоците и
- соодветно постапување со копиите од податоците.

Надминување треба да преземат мерки: на утврдените состојби ќе се постигне и со превземање на мерки за воспоставување на организациска структура и процеси со кои ке се обезбеди функционирање, следење и развој на сигурен финансиски менаџмент и контрола, зголемување на надзорот и контрола од надлежните органи за редовно подмирување на даноците и придонесите, заштита и унапредување на животната средина [1]/имплементирање на Стратегијата за управување со отпадот и донесување на политики и стратегии за сеопфатна ИТ безбедност на податоците.

[1]/ Заштита на животната средина дефинирана како „обезбедување одржливост на животната средина" преставува седмата (7) Милениумска развојна цел дефинирана и усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации, Светска банка, ММФ, ОЕЦД и други специјализирани агенции на Обединетите нации.

# Локална самоуправа




Единиците на локална самоуправа остваруваат помалку приходи поради нецелосна и неажурирана евиденција на даночните обврзници и непревземање на сите законски мерки за наплата на даночниот долг. За надминување на оваа состојба, Државниот завод за ревизија препорачува да се ажурираат и усогласат општинските регистри на даночни обврзници со постојните во Управата за јавни приходи, Агенцијата за премер и катастар на недвижности и Централниот регистар и да се воспостави евиденција на склучени договори за друг вид надомести.

За реализирање на оваа препорака потребно е да се изврши усогласување на постапките за регистрирање на даночните обврзници во надлежните институции, односно компатибилност на податоците заради усогласување на регистрите.

Општините не вршат прибирање на одредени видови комунални такси. Најголем дел од проблемите се од нејасното дефинирање на комуналните такси - такса за користење на музика во јавните локали и такса за користење на простор за паркирање на моторни возила. За целосна и непречена примена на Законот за комунални такси, Државниот завод за ревизија препорачува допрецизирање на истиот.

Ревизијата утврди дека во дел од единиците на локална самоуправа, има неефикасни интерни контроли кои неможат да го намалат или спречат ризикот од неточна, нецелосна и ненанвремена наплата на приходите и ненаменско и незаконско користење на средствата, поради отсуство на пишани процедури за поделба на надлежности и авторизација.

Отсуството на законско решение за располагање со стварите во сопственост на единиците за локална самоуправа, создава проблеми при управувањето со истите. Државниот завод за ревизија укажува на потребата од донесување на закон за регулирање на оваа материја.

Државниот завод за ревизија им препорачува на единиците за локална самоуправа да го евидентираат недвижниот имот добиен со пренесување на правото на сопственост на општините врз основа на спроведениот делбен биланс од 2000 година како и ново стекнатиот имот.

Соработката на општините со јавните претпријатија, сеуште се одвива без да се регулираат меѓусебните права и обврски, односно дефинирање на цените на услугите и начинот на обезбедување на докази за извршените работи. Во изминатите години на сите вложувања на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје во јавните претпријатија, не им е даден третман на влог, што може да има значајни последици во случај на трансформација на јавните претпријатија и утврдување на структурата на основачкиот капитал, а со тоа и губење на позициите на акционер или партнер во нивното менаџирање.




Единиците на локална самоуправа подолг период имаат блокирани сметки, по основ на долгови кои датираат пред 2005 година. За разрешување на состојбите, Државниот завод за ревизија препорачува да се преземат мерки од страна на надлежните органи согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

И покрај одредените слабости кои се утврдени во процесот на спроведување на втората фаза на фискална децентрализација во Република Македонија, може да се заклучи дека активностите, финансиските трансакции и информациите во процесот на фискалната децентрализација се во согласност со релевантната законската регулатива.

# Ревизија на успешност

Ревизиите на успешност вршени од ДЗР во 2008 година беа насочени кон активности како што се подобрување на јавните услуги од областа на безбедност на храна, јавните услуги и заштита на животната средина, зголемување на јавната и институционална свест за областа на управувањето и третманот со медицински отпад, климатските промени, безбедносните аспекти на културното наследство – археолошките локалитети.

Беа поставени неколку цели:

1. Дали во Република Македонија се создадени законски, просторни и финансиски услови за управување со опасен отпад, а со тоа и на медицинскиот отпад како сегмент на оваа група, кој претставува сериозна закана по здравјето на луѓето и тоа од аспект на создавачите, собирачи, транспортери и отстранувачи во РМ како и контролните функции на државните институции?
2. Дали во Република Македонија се создадени законски, кадровски и финансиски услови за безбедносна заштита на културното наследство како дел од културната историја и националниот идентитет на РМ?
3. Дали во Дирекцијата за храна во Република Македонија функционира како што се бара во одредбите на законските и под законските акти и дали со нејзините досегашни активности ја гарантира безбедноста на храната?



Државните ревизори констатираа дека во Република Македонија се уште не се создадени законски, просторни и финансиски услови за управување со медицинскиот отпад како и исполнување на контролните функции на државните институции за надзор над управувањето со истиот. ДЗР препорачува надлежните министерства да пристапат кон имплементација на пропишаните мерки за спроведување на Стратегијата за управување со отпад од аспект на зајакнување на институциите на национално и локално ниво, изнаоѓање на решенија за надминување на слабостите присутни во инспекторатите, со цел зголемување на ефикасноста и зајакнување на контролниот механизам во примената на Законот за управување со отпад, во делот на постапувањето со медицинскиот отпад.

Создадени се законски услови за безбедносна заштита на културното наследство изразени во форма на Законот за заштита на културно наследство иако се уште овој процес е во тек. Постои долгогодишниот тренд на негативна флуктуација на стручен кадар од институциите и зголемување на староснaта граница на постојниот стручен кадар. Недостатокот на финансиски средства за заштита на културното наследство влијае врз успешно спроведување на законските одредби од надлежните институции во РМ за регистрирање на културното наследство, негова ревалоризација, безбедносна проценка на ризиците, формирање на национален регистар, плановите за превентивна заштита и итна акција како дел од активностите кои се од круцијално значење за остварување на функцијата на заштитата на културното наследство.



Зголемениот број на затруени лица од храна ја зголемува одговорноста на институциите во државата и ја наметнува потребата од интензивирање и навремено преземање на сите законски мерки и дејствија со цел гарантирање во најголема можна мера за граѓаните, консумирање на безбедна храна.

# Преземени мерки по ревизорските извештаи

Согласно Законот за државна ревизија, надлежните органи за надзор  врз работата на субјектот се должни да го известат Државниот завод за ревизија за преземените мерки во врска со наодите во ревизорските извештаи најдоцна во рок од 90 дена од приемот на конечниот извештај.

ДЗР го следи  и анализира спроведувањето на препораките согласно добиените повратни информации од субјектите предмет на ревизија и од надлежните органи.
Во 2008 година ДЗР даде 1.175 препораки (1.113 по финансиски извештаи и 62 по тематските ревизии. До денот на изготвувањето на ГИ за 2008 година за 498 препораки не е изминат законскиот рок од 90 дена за доставување на повратните информации, за 299 препораки субјектите не доставиле повратни информации, 262 препораки се целосно спроведени, 98 препораки се спроведени делумно и спроведувањето е во тек, за 18 препораки субјектите укажуваат дека спроведувањето е поврзано и со ангажирање на надворешни субјекти.




Од вкупниот број на препораките за кои субјектите требало да ги спроведат до денот на донесувањето на Годишниот извештај (677), целосно или делумно се спроведени 370, односно 53,2 %.

Во 2008 година, Државниот завод за ревизија изврши 6 ревизии за оценка на степенот на спроведувањето на препораките. Со овие ревизии извршена е детална анализа на спроведување на 128 препораки. Ревизијата утврди дека од вкупно 128 препораки, 45 препораки се спроведени; 26 – делумно спроведени; 18 – во тек; 36 – неспроведени; 2 – пренесени во надлежност на друг орган и 1 нема да биде спроведена поради изменети околности.

Ревизиите потврдија дека за одделни препораки е потребен подолг временски период за имплементација заради нивната комплексност (неопходно  одобрување од страна на надлежни органи, обезбедување на докази за сопственост, трансформација на сопственички статус на поедини субјекти). Од страна на ревизорите препорачано е за  субјектите да продолжат со активностите до целосна имплементација на препораките и периодично да го известуваат Државниот завод за ревизија.

Општа е констатацијата дека дадените препораки имаат позитивна реакција од страна на субјектите предмет на ревизија и од надлежните органи.

# Ревизорски мислења

При извршувањето на ревизијата на финансиските извештаи и ревизиите на усогласеност се поставени две цели:

– Дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди, и

– Дали е остварено наменско и законско користење на средствата;

Согласно поставените цели на ревизиите, во ревизорските извештаи се изразени мислења за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи/наменско и законско користење на средствата.

Подолу е даден графички приказ за видот на дадените ревизорски мислења во ревизорските извештаи согласно целите:

**Графички приказа на ревизорските милења за финансиските извештаи**




**Графички приказа на ревизорските милења за наменското и законското трошење на средствата**




Во однос на минатата година забележан е пораст на позитивните мислењата за финансиските извештаи за 6,7% како резултат на задолжителноста за ревизија кај одделни субјекти согласно Законот за државна ревизија и спроведување на препораките на Државниот завод за ревизија.

Што се однесува на мислењата за наменското и законско трошење на средствата забележан е пораст на негативните мислења во ревизорските извештаи што произлегува од менување на структурата на субјектите кои се опфаќаат со Годишната програма. Во 2008 година Државниот завод за ревизија во Програмата вклучи единки корисници на средства и јавни претпријатија од локален карактер, кои досега не биле ревидирани и кај кои се утврдени неправилности во работењето, што ја нагласува потребата од ревизија на сите буџетски корисници на средства. Советодавната улога што ја има Државниот завод за ревизија ќе помогне во унапредување на работењето на сите субјекти кои се предмет на ревизија.

# Јавни набавки

При вршењето на ревизиите, особено внимание се посветува на правилната примена на постапките за јавни набавки. Утврдените неправилности по овој основ опфаќаат околу 13% од вкупниот број на констатирани неправилности во ревизорските извештаи од 2008 година, што е значително под просекот од изминатите неколку години, кога изнесуваа 17%.

Најголем дел од неправилностите се однесува на неспороведените постапки за јавни набавки (29%), недоследно спроведените постапки за јавни набавки (18%), како и кај јавните набавки од мала вредност (11%). Останатите наоди, кои минатите години главно се однесуваа на фазата на планирањето и воспоставувањето на регистрите и евиденциите сега се поместени во фазата на одлучувањето, односно склучувањето на договорите и нивното реализирањење.

Од 01.01.2008 година стапи на сила новиот Закон за јавни набавки чија што примена ќе биде предмет на ревизија во текот на 2009 година.

**Неправилности во спроведувањето на Законот за јавни набавки**



# Меѓународна соработка

Државниот завод за ревизија е член на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) од 2001 година и на Европската организација на врховните ревизорски институции (ЕУРОСАИ) од 2002 година. Од 2005 година Државниот завод за ревизија е активен член на мрежата на Врховните ревизорски институции на земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во Европската унија и Европскиот суд на ревизори од Луксембург и беше домаќин на состанокот на шефовите на Врховните ревизорски институции од мрежата, кој се одржа во Скопје во 2007 година.



Државниот завод за ревизија редовно учествува на состаноците на Контакт комитетот на шефовите на Врховните ревизорски институции од Европската Унија како и Европскиот суд на ревизори како активен набљудувач.
Државниот завод за ревизија остварува билатерална и мултилатерална соработка со други Врховните ревизорски институции и меѓународни организации и институции со цел размена и стекнување на нови искуства од областа на ревизијата на јавниот сектор.
Државниот завод за ревизија е член на работните групи на ЕУРОСАИ за животна средина од 2002 и за информатичка технологија од 2005 година. Во текот на 2008 година наши претставници учествуваа на редовните состаноци на овие работни групи како и на тематските семинари кои се одржаа во Љубљана (Словенија), Трир (Германија), Киев (Украина) и Талин (Естонија).
Претставници на Државниот завод за ревизија активно учествуваа и на други работилници и семинари кои ги организираше ЕУРОСАИ од кои ги истакнуваме: „Управување со Врховните ревизорски институции“ во Берлин, „Стандарди за финансиска ревизија“ во Вилнус, „Ревизија на системите за социјално осигурување“ во Прага.
Во јуни 2008 година делегација предводена од Главниот државен ревизор учествуваше на VII Конгрес на ЕУРОСАИ кој се одржа во Краков (Полска).
Претставници на Државниот завод за ревизија учествуваа на состаноците на Врховните ревизорски институции и беа активно вклучени во дефинирањето на приоритетите, од важност за зајакнување на институционалниот капацитет на Државниот завод за ревизија и на другите Врховните ревизорски институции кои се наоѓаат на патот за прием во Европската Унија.
Во соработка со СИГМА, во 2008 година во Анкара се одржа семинар за ревизија на системот на јавната внатрешна финансиска контрола, на кој учествуваа и претставници на Државниот завод за ревизија.
Претставници на Државниот завод за ревизија учествуваа на состаноците на офицерите за врска во Братислава и Луксембург, а во декември 2008 година, Главниот државен ревизор учествуваше на состанокот на Контакт комитетот во Луксембург, кој го сочинуваат шефовите на Врховните ревизорски институции на земјите членки на Европската Унија и Европскиот суд на ревизори.



Државниот завод за ревизија соработува со Европскиот суд на ревизори и по основ на програмата за стажирање во Судот која се нуди на помладите ревизори од Врховните ревизорски институции на земјите кандидати: Хрватска, Македонија и Турција. Заклучно со 2008 година тројца ревизори ја завршија петмесечната програма.

Во рамките на соработката со другите Врховните ревизорски институции беа остварени средби со претставници на Врховните ревизорски институции на Литванија, Бугарија, Црна Гора, Хрватска, при што беа разменети искуства за актуелни теми од областа на државната ревизија.

Државниот завод за ревизија преку своите претставници даде значаен придонес во презентирање на состојбите и изнаоѓање решенија за нивно унапредување со давање конкретни препораки.

Во организација на ОБСЕ во Скопје се одржа конференција на тема: Улогата на државните ревизорски институции, нивната транспарентност и соработка со Парламентот во борбата против корупцијата.

Во декември 2008 година заврши реализацијата на твининг проектот со Холандскиот суд за ревизија, која се одвиваше во период од три години и ги даде очекуваните резултати насочени кон подобрување на законодавната рамка, јакнење на административниот капацитет на Државниот завод за ревизија, зајакнување на ревизорските вештини и развивање на ревизија на информациони системи. Соработката меѓу Државниот завод за ревизија и Холандскиот суд за ревизија ќе продолжи и во следните две години под покровителство на Министерството за надворешни работи на Холандија (програмата МАТРА).

Соработката со СИГМА и Европската комисија се одвива редовно во рамките на годишните оценски мисии за функционирањето на финансиската контрола во Република Македонија. Истата има свој придонес во процесот на натамошна изградба на Државниот завод за ревизија во компетентна институција за надворешна ревизија во согласност со барањата на Европската Унија и меѓународните стандарди за државната ревизија.



# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Македонија**

## *Извештај за финансиските извештаи*

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија за средства од Буџетот на РМ, односно за остварени приходи и расходи преку сметките 020021504063710 - Државна ревизија и 020026107760319 – Ревизорско тело, а коишто го вклучуваат консолидираниот биланс на приходите и расходите, за годината којашто завршува на 31 декември 2008 како и консолидираниот биланс на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Меѓународните ревизорски стандарди на ИНТОСАИ. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме



Censum
Друштво за ревизија **ЦЕНСУМ** ДООЕЛ Скопје
www.censum.com.mk Поштенски фах 12, 1001 Скопје, Македонија
Член на ИОРРМ
Дозвола за работа издадена од Министерството за финансии на РМ на 21.10.2004
Уверенија за овластени ревизори број 44, 40, 101 и 143

разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

### *Мислење*

Според нашето мислење консолидираните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – сметките за средставата од Буџетот на РМ заклучно со 31 декември 2008 година, како и неговите финансиски приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

**Канцеларија:** Скопје, Бул. „Трета македонска бригада“ б.б. зграда на Македонија Табак, втори спрат, канц.бр. 214
**Телефони:** +389 (0)2 3233 301, +389 (0)2 3233 302 **Факс:** +389 (0)2 3216 186 **Мобилен:** +389 (0)70 250 434 censum@censum.com.mk
**Жиро сметка:** 210-0592133301-68 НЛБ Тутунска банка АД Скопје **Даночен број:** MK4030004526679 www.censum.com.mk

## *Извештај за други правни и регулативни барања*

Во согласност со Законот за државна ревизија, Законот за јавни набавки и друга законска регулатива за буџетски корисници во Република Македонија, Државниот завод за ревизија има обврска за законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Мислење*

Според нашето мислење, кај Државниот завод за ревизија остварено е законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Скопје, 15 мај 2009 година*

Друштво за ревизија ЦЕНСУМ ДООЕЛ Скопје

| Овластен ревизор | Овластен ревизор |
|---|---|
| Миле Нинeвски | Стојан Јорданов |





# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

**Консолидирана сметка 637 и 603**

*во денари*

| Опис на позицијата | Белешка | Буџет 2008 | Реализирано 2008 | Реализирано 2007 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 86.816.000 | 72.669.893 | 56.831.924 |
| **Вкупно приходи** | | **86.816.000** | **72.669.893** | **56.831.924** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 67.816.000 | 57.742.548 | 47.942.909 |
| Резерви непредвидени расходи | 3.2.2. | | 135.000 | 45.000 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 19.000.000 | 14.792.345 | 8.844.015 |
| Субвенции и трансфери | | | | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **86.816.000** | **72.669.893** | **56.831.924** |
| **Вкупно расходи** | | **86.816.000** | **72.669.893** | **56.831.924** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **0** | **0** |

Главен државен ревизор
Тања Таневска

# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| Консолидирана 637 и 603 | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *во денари* |
| **Опис на позицијата** | **Белешка** | **2008** | **2007** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 326.062 | 65.045 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 6.843.303 | 4.525.884 |
| Залихи | 4.1.3. | 2.441.415 | 1.694.427 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.610.780** | **6.285.356** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.803 | 2.403 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 1.646.107 | 2.414.977 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.647.910** | **2.417.380** |
| **Вкупна актива** | | **11.258.690** | **8.702.736** |
| Вонбилансна актива | | 77.829.200 | 77.829.200 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1.290.463 | 339.128 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 5.552.840 | 4.186.755 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 326.063 | 65.045 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7.169.366** | **4.590.928** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 4.089.324 | 4.111.808 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4.089.324** | **4.111.808** |
| **Вкупна пасива** | | **11.258.690** | **8.702.736** |
| Вонбилансна пасива | 4.5. | 77.829.200 | 77.829.200 |



Друштво за ревизија **ЦЕНСУМ** ДООЕЛ Скопје

www.censum.com.mk Поштенски фах 12, 1001 Скопје, Македонија

Член на ИОРРМ
Дозвола за работа издадена од Министерството за финансии на РМ на 21.10.2004
Уверенија за овластени ревизори број 44, 40, 101 и 143

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Македонија**

## *Извештај за финансиските извештаи*

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата на приходи наплатени од органи, односно за остварени приходи и расходи преку сметката 020021504063119 – Сметка на приходи наплатени од органи, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2008, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Меѓународните ревизорски стандарди на ИНТОСАИ. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме

**Канцеларија:** Скопје, Бул. „Трета македонска бригада" б.б. зграда на Македонија Табак, втори спрат, канц.бр. 214
**Телефони:** +389 (0)2 3233 301, +389 (0)2 3233 302
**Факс:** +389 (0)2 3216 186
**Мобилен:** +389 (0)70 250 434
censum@censum.com.mk
**Жиро сметка:** 210-0592133301-68 НЛБ Тутунска банка АД Скопје
**Даночен број:** MK4030004526679
www.censum.com.mk

разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – сметката на сопствени приходи наплатени од органи заклучно со 31 декември 2008 година, како и неговите финансиски приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.





### *Извештај за други правни и регулативни барања*

Во согласност со Законот за државна ревизија, Законот за јавни набавки и друга законска регулатива за буџетски корисници во Република Македонија, Државниот завод за ревизија има обврска за законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Мислење*

Според нашето мислење, кај Државниот завод за ревизија остварено е законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Скопје, 15 мај 2009 година*

Друштво за ревизија ЦЕНСУМ ДООЕЛ Скопје

Овластен ревизор
Миле Нинeвски

Овластен ревизор
Стојан Јорданов

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Средства за приходи наплатени од органи

*во денари*

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2008 | Реализирано 2008 | Реализирано 2007 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 18.978.000 | 17.553.799 | 16.671.062 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 13.625.000 | 37.503.893 | 32.942.304 |
| **Вкупно приходи** | | **32.603.000** | **55.057.692** | **49.613.366** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | 3.3. | | | |
| Стоки и услуги | 3.3.1. | 25.186.000 | 13.615.573 | 9.628.288 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **25.186.000** | **13.615.573** | **9.628.288** |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 7.417.000 | 3.417.643 | 2.481.185 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7.417.000** | **3.417.643** | **2.481.185** |
| **Вкупно** | | **32.603.000** | **17.033.216** | **12.109.473** |
| **Остварен вишок на приходи** | | | **38.024.476** | **37.503.893** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи** | | | 0 | 0 |
| **Нето вишок на приходи** | | | **38.024.476** | **37.503.893** |
| **Распоредување на вишокот на приходи** | | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | | 38.024.476 | 37.503.893 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | | **38.024.476** | **37.503.893** |

Главен државен ревизор
Тања Таневска





# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Средства за приходи наплатени од органи

*во денари*

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 38.024.476 | 37.503.893 |
| Побарувања од купувачите во земјата | 4.1.2. | 13.404.607 | 14.210.098 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 184.699 | 50.102 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4. | 0 | 21.347 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 13.884 | 135.936 |
| **Вкупно тековни средства** | | **51.627.666** | **51.921.376** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 786.404 | 1.048.106 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 8.863.517 | 8.050.215 |
| **Вкупно постојани средства** | | **9.649.921** | **9.098.321** |
| **Вкупна актива** | | **61.277.587** | **61.019.697** |
| Вонбилансна евиденција - актива | | 2.686.027 | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 13.884 | 135.936 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 51.613.782 | 51.785.440 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **51.627.666** | **51.921.376** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 9.649.921 | 9.098.321 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **9.649.921** | **9.098.321** |
| **Вкупна пасива** | | **61.277.587** | **61.019.697** |
| Вонбилансна евиденција - пасива | 4.5. | 2.686.027 | |

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Македонија**

## *Извештај за финансиските извештаи*

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија за средства од Твининг проектот на Холандскиот суд за ревизија, односно за приходи и расходи остварени според Финансискиот договор со ХСР преку сметката 020021504078511 – Твининг проект на Холандски суд на ревизија, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2008 како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со потпишаниот Финансиски договор помеѓу Холандскиот суд за ревизија и Државниот завод за ревизија, Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Меѓународните





ревизорски стандарди на ИНТОСАИ. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

### *Мислење*

Според нашето мислење финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Твининг проектот на Холандскиот суд за ревизија и Државниот завод за ревизија на РМ, заклучно со 31 декември 2008 година, како и неговите финансиски приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

### ***Извештај за други правни и регулативни барања***

Во согласност со позитивната законска регулатива за јавниот сектор во Република Македонија, како и Финансискиот договор помеѓу Холандскиот суд за ревизија и Државниот завод за ревизија на РМ, Државниот завод за ревизија има обврска за законско и наменско користење на средствата кои претставуваат расходи на Твининг проектот со ХСР.

*Мислење*

Според нашето мислење, кај Државниот завод за ревизија остварено е законско и наменско користење на средствата кои претставуваат расходи на Твининг проектот со ХСР.

*Скопје, 15 мај 2009 година*

Друштво за ревизија ЦЕНСУМ ДООЕЛ Скопје

Овластен ревизор
Миле Ниневски

Овластен ревизор
Стојан Јорданов

Друштво за ревизија Censum ДООЕЛ Скопје ЦЕНСУМ

**Канцеларија:**
Скопје
Бул. „Трета македонска бригада" 6.6.
зграда на Македонија Табак,
втори спрат, канц.бр. 214

**Телефони:** +389 (0)2 3233 301
+389 (0)2 3233 302
**Факс:** +389 (0)2 3216 186
**Мобилен:** +389 (0)70 250 434
censum@censum.com.mk

**Жиро сметка:** 210-0592133301-68
НЛБ Тутунска банка АД Скопје
**Даночен број:** МК4030004526679
www.censum.com.mk





# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

**Сметка за приходи остварени од донации**

**Твининг проект на Холандскиот суд за ревизија**

*во денари*

| Опис на позицијата | Белешка | Буџет 2008 | Реализирано 2008 | Реализирано 2007 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Неданочни приходи | | | | |
| Капитални приходи | | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 2.280.000 | 2.242.096 | 4.027.328 |
| **Вкупно приходи** | | **2.280.000** | **2.242.096** | **4.027.328** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Стоки и услуги | 3.2. | 2.280.000 | 2.194.315 | 2.247.669 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2.280.000** | **2.194.315** | **2.247.669** |
| **Вкупно расходи** | | **2.280.000** | **2.194.315** | **2.247.669** |
| **Остварен вишок на приходи** | | | **47.781** | **1.779.659** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи** | | | 0 | 0 |
| **Нето вишок на приходи** | | | **47.781** | **1.779.659** |
| **Распоредување на вишокот на приходи** | | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | | 47.781 | 1.779.659 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | | **47.781** | **1.779.659** |

Заменик главен државен ревизор
Благоја Илиевски

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Сметка за приходи остварени од донации**

**Твининг проект на Холандскиот суд за ревизија**

*во денари*

| Опис на позицијата | Белешка | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 47.781 | 1.779.659 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 13.316 | 13.316 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 0 | 54.814 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 0 | 11.963 |
| **Вкупно тековни средства** | | **61.097** | **1.859.752** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 54.580 | 81.871 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 59.266 | 86.543 |
| **Вкупно постојани средства** | | **113.846** | **168.414** |
| **Вкупна актива** | | **174.943** | **2.028.166** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 0 | 11.963 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 61.097 | 1.847.789 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **61.097** | **1.859.752** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 113.846 | 168.414 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **113.846** | **168.414** |
| **Вкупна пасива** | | **174.943** | **2.028.166** |

Република Македонија
Државен завод за ревизија
ул. Македонија 12/3 Палата Македонија
1000 Скопје
Тел: ++389 2 3211 262
Факс: ++389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk